П Р О С П Е К Т

СТОКОПРОМЕТ АД Скопје

Акционерско друштво за производство и промет на голем и мало со стока и сточарски производи СТОКОПРОМЕТ АД извоз-увоз Скопје Бул. Партизански одреди бр. 70 Б Скопје

Котација на акциите на СТОКОПРОМЕТ АД извоз-увоз Скопје на Официјалниот пазар на Македонската берза на хартии од вредност АД Скопје, на подсегмент Задолжителна котација

До Македонска берза на хартии од вредност АД Скопје е доставено барање за котација на акциите на СТОКОПРОМЕТ АД извоз-увоз Скопје на Официјалниот пазар, на подсегмент Задолжителна котација. Номиналната вредност на една акција на СТОКОПРОМЕТ АД извоз-увоз Скопје изнесува 50 евра. Барањето за котација се однесува на :

-29.783 обични акции со право на глас
-3.217 приоритетни партиципативни акции

Пред котацијата на Официјалниот пазар на Македонската берза АД Скопје со акциите на СТОКОПРОМЕТ АД извоз-увоз Скопје се тргувало на Редовен пазар на Македонска берза на подсегмент Пазар на акционерски друштва со посебни обврски за известување.

Покровител на котацијата

ФЕРШПЕД БРОКЕР АД Скопје
Ул.Македонија 11 а Скопје

Скопје, април 2013 година

Врз основа на Одлуката за котација на хартии од вредност бр.02-42 од 23.04.2013 година со која се овластува Претседателот на Управниот одбор да ги потпише сите документи во врска со котацијата на СТОКОПРОМЕТ АД извоз-увоз Скопје на Берзата, во име на Управниот одбор на СТОКОПРОМЕТ АД извоз-увоз Скопје, Претседателот на Управниот одбор ја потпишува следнава

И З Ј А В А
НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА СТОКОПРОМЕТ АД извоз-увоз Скопје

Според нашите уверувања и согласно нашите сознанија и податоци со кои располагаме, под целосна морална, материјална и кривична одговорност, изјавуваме дека сите податоци од овој проспект сочинуваат целосно и вистинито прикажување на имотот и обврските, добивките и загубите, финансиската и деловната состојба на СТОКОПРОМЕТ АД извоз-увоз Скопје, правата содржани во хартиите од вредност и дека не се изоставени податоци кои би можеле да влијаат на целовитоста и вистинитоста на овој проспект.

Претседател на Управен одбор
Марија Петрушевска

Проспектот е изработен согласно Правилата за котација на хартии од вредност објавени од Македонската берза на хартии од вредност АД Скопје во март 2013 година.

Ревизор на годишните сметки на СТОКОПРОМЕТ АД извоз-увоз Скопје за 2011 и 2012 година е Друштвото за ревизија, МСР ДОО, со адреса на ул.Симеон Кавракиров Скопје.

Покровител на котацијата на СТОКОПРОМЕТ АД извоз-увоз Скопје е брокерска куќа ФЕРШПЕД БРОКЕР АД Скопје со адреса на ул.Македонија 11 а Скопје.

Назив и адреса на банка на СТОКОПРОМЕТ АД извоз-увоз Скопје:

-Алфа банка АД Скопје ул. Димитрие Чуповски бр.2

Проспектот не претставува понуда за продажба, ниту повик за купување на акциите на СТОКОПРОМЕТ АД извоз-увоз Скопје. Проспектот не смее да се смета за препорака за купување на акции на СТОКОПРОМЕТ АД извоз-увоз Скопје, а секој потенцијален инвеститор се упатува на сопствена проценка на финансиската состојба и работењето на СТОКОПРОМЕТ АД извоз-увоз Скопје.

С О Д Р Ж И Н А

1. ПОДАТОЦИ ЗА ИЗДАВАЧОТ И КАПИТАЛОТ НА ИЗДАВАЧОТ

1.1.Назив и седиште на издавачот
1.2.Износ на вкупниот номинален капитал, пооделните родови на акции со нивните главни крактеристики,бројот и вкупната номинална вредност на секој род
1.3.Одредби од Статутот кои ги регулираат промените во капиталот и правата кои произлегуваат од различните родови на акции
1.4.Промени во структурата на капиталот во последните две години во поглед на емитираниот капитал и бројот и родовите на акции кои го сочинуваат вкупниот капитал
1.5.Износот на сите должнички конвертибилни хартии од вредност
1.6.Имиња на акционери кои поседуваат над 5% од акциите со право на глас
1.7.Ревидирани финасиски извештаи за 2011 и 2012 година
1.8.Квалификации на ревидираните финансиски извештаи

2. ПОДАТОЦИ ЗА ДЕЛОВНИ АКТИВНОСТИ НА ИЗДАВАЧОТ

2.1.Опис на основната дејност
2.2.Информации за значајни нови производи
2.3.Приказ на приходите од продажба во 2011 и 2012 година
2.4.Краток приказ на степенот на зависност од патенти, лиценци,индустриски,комерцијални или финансиски договори или нови производни постапки
2.5.Информација за политиката на развојот и истражување на нови призводи и постапки
2.6.Информации за сите судски и арбитражни постапки кои се во тек или ќе настанат и кои можат да имаат значително влијание на финансиската состојба
2.7.Број на вработени и квалификациона структура
2.8.Опис и вредност на значителни инвестиции во основни средства и вложувања во хартии од вредност на други трговски друштва во 2011 и 2012 година
2.9.Место и позиција на СТОКОПРОМЕТ АД извоз-увоз Скопје во гранката

3. ФИНАНСИСКИ ПОДАТОЦИ

3.1.Финансиски податоци за период 2011 и 2012 година

4. ПОДАТОЦИ ЗА АКЦИИТЕ ЗА КОИ СЕ БАРА КОТАЦИЈА

4.1.Опис на родот на акциите за кои се поднесува барањето,бројот на акции и нивната номинална вредност
4.2.Опис на правата кои им припаѓаат на акциите
4.3.Позначајни одредби од Статутот на СТОКОПРОМЕТ АД извоз-увоз Скопје кои ги регулираат правата на акционерите
4.4.Статистички податоци за тргувањето со акциите на СТОКОПРОМЕТ АД извоз-увоз Скопје за 2011 и 2012 година

5. ПОДАТОЦИ ЗА ОРГАНИТЕ НА УПРАВУВАЊЕ

5.1.Податоци за членовите на органите на управување
5.2.Судир на интереси помеѓу членовите на органите на издавачот

6. РАЗВОЈНИ ПЕРСПЕКТИВИ

6.1.Информација за развојните перспективи во деловното работење во периодот 2013-2о15 година
6.2.Основни претпоставки и проценка за движење на добивката во период 2013-2015 година

7. РЕВИДИРАНИ ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ ЗА 2011 и 2012 ГОДИНА

1. ПОДАТОЦИ ЗА ИЗДАВАЧОТ И КАПИТАЛОТ НА ИЗДАВАЧОТ

1.1.Назив и седиште на издавачот

Полниот назив на издавачот гласи: Акционерско друштво за производство и промет на големо и мало со стока и сточарски производи СТОКОПРОМЕТ АД извоз-увоз Скопје.

Скратениот назив на издавачот гласи: СТОКОПРОМЕТ АД извоз-увоз Скопје.

Седиште : Бул. Партизански одреди број 70 Б Скопје.

1.2.Износ на вкупниот номинален капитал, пооделните родови на акции со нивните главни крактеристики, бројот и вкупната номинална вредност на секој род

Вкупниот номинален капитал на СТОКОПРОМЕТ АД извоз-увоз Скопје односно основната главнина изнесува 1.650.000 евра, а претставен е преку 33.000 акции со поединечна номинална вредност по акција од 50 евра.

Бројот на обичните акции изнесува 29.783 со вкупна номинална вредност од 1.489.150 евра.

Бројот на приоритетни партиципативни акции во сопственост на Фондот за ПИОМ кои со продажба се трансформираат во обични акции изнесува 3.217 со вкупна номинална вредност од 160.850 евра.

Во рамки на вкупната основна главнина обичните акции учествуваат со 90,25%.
Во рамки на вкупната основна главнина приоритетни партиципативни акции учествуваат со 9,75%.

1.3.Одредби од Статутот кои ги регулираат промените во капиталот и правата кои произлегуваат од различните родови на акции

Промени на капиталот во друштвото се регулирани во глава IV од Статутот, во делот за "Зголемување или намалување на основната главнина" во членовите 13, 14 и 15 .

Друштвото може да ја зголеми или намали основната главнина на начин и во постапка утврдена со закон.

Одлуката за издавање акции донесува Собранието на Друштвото со мнозинство гласови кое што не може да изнесува помалку од три четвртини од акциите со право на глас претставени на Собранието.

Зголемувањето на основната главнина на Друштвото може да се изврши:
-со влогови
-со условно зголемување на основната главнина
-со одобрен капитал
-од средства на Друштвото

Секоја обична акција на нивните сопственици им дава:

1.Право на глас на седница на Собранието на акционерското друштво;
2.Право на исплата на дел од добивката (дивиденда) од работењето на друштвото, што зависи од остварената добивка;
3.Право на исплата на дел од ликвидационата или стечајната маса на акционерското друштво;

Акциите што во постапката на трансформација на општествениот капитал му беа издадени на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување, се додека ги поседува Фондот имаат својство на приоритетни акции без право на глас.
Приоритетните акции што му се издадени на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување :
-гласат на име на Фондот;
-даваат право на дивиденда од најмалку 2% годишно и сразмерно учество во остатокот од добивката ако на обичните акции им се исплатува дивиденда над овој износ;
-не даваат право на глас во Собранието на акционери и
Во случај на стечај или ликвидација на акционерското друштво даваат право на сразмерно учество во поделбата на остатокот на стечајната,одноно ликвидационата маса.
Приоритетните акции Фондот може да ги продава, при што со продажбата тие се претвораат во обични акции.
Приоритетните акции не се кумулативни.

Приоритетните партиципативни акции се без право на глас, а се наоѓаат во сопственост на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Република Македонија. Овие приоритетни акции со продажба се трансформираат во обични акции.

1.4.Промени во структурата на капиталот во последните две години во поглед на емитираниот капитал и бројот и родовите на акции кои го сочинуваат вкупниот капитал

Во последните две години не се случиле промени во капиталот на СТОКОПРОМЕТ АД извоз-увоз Скопје во поглед на износите на емитираниот капитал. Промени не се случиле ниту во бројот и родовите на акции кои го сочинуваат вкупниот капитал.

1.5.Износот на сите должнички конвертибилни хартии од вредност

СТОКОПРОМЕТ АД извоз-увоз Скопје нема издадено должнички конвертибилни хартии од вредност.

1.6.Имиња на акционери кои поседуваат над 5% од акциите со право на глас

Акционер кој поседува над 5% од акциите со право на глас со состојба на 31.12.2012 година е:
Брокерска куќа ФЕРШПЕД БРОКЕР АД Скопје поседува 10.230 обични акции што претставува 34,35% од акции со право на глас односно 31% во основната главнина на Друштвото.

1.7.Ревидирани финасиски извештаи за 2011 и 2012 година

Финансиските извештаи на СТОКОПРОМЕТ АД извоз-увоз Скопје за 2011 и 2012 година се ревидирани од страна на Друштвото за ревизија МСР ДОО со седиште на ул.Симеон Кавракиров бр.16 Скопје.
Ревидираните финансиски извештаи со мислењето на независниот ревизор за 2011 и 2012 година, изготвени во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување што се прифатени и објавени во Република Македонија се составен дел на овој Проспект.

1.8. Квалификации на ревидираните финансиски извештаи

Постои основа за мислење со резерва на ревидираните финансиските извештаи за 2012 година.

2. ПОДАТОЦИ ЗА ДЕЛОВНИ АКТИВНОСТИ НА ИЗДАВАЧОТ

2.1.Опис на основната дејност

Краток историјат на издавачот

СТОКОПРОМЕТ АД Скопје е компанија која е основана далечната 1950 година со основна дејност промет со земјоделски и сточарски производи. Надворешното трговско работење на СТОКОПРОМЕТ АД преку извозот и узвозот на жива стока, месо, месни и млечни производи, добиточна храна и компоненти за добиточна храна била основна дејност на друштвото која овозможувала успешно финансиско работење.

Вовед

Како компанија која секогаш имала и има визија за својот среднорочен и долгорочен развој, СТОКОПРОМЕТ АД благовремено ги препознава потенцијалите во извозот на свежо месо и месни производи и ги дефинира своите стратешки определби, планови и таргети кои овозмозуваат опстојување и развој на друштвото. Искуството на менаџерскиот тим на СТОКОПРОМЕТ АД во надворешното-трговско работење и квалитетната мрежа на деловни партнери во странство овозможува ефикасно и квалитетно справување со тековните проблеми предизвикани од глобалната економска криза во светот и кај нас.
Мисија на друштвото е задржување и развој на увозно-извозната позиција во земјата и надвор, пред се благодарение на долгогодишното искуство во надворешната трговија и воспоставените контакти со деловните партнери на пазарите во Европа (Италија, Хрватска, Грција и други земји).
Нашата основна цел е задоволување на потребите, барањата и желбите на купувачите и конзументите на домашниот и странскиот пазар.
Со цел остварување на мисијата, визијата и развојната стратегија на компанијата, основано е и друштво Стокоимпекс-Стокопромет Дооел Скопје кое со своето работење овозможува задржување на позициите на компанијата на пазарот.

Основна дејност

Основна дејност на СТОКОПРОМЕТ АД Скопје е трговија на големо со месо и производи од месо и извоз на свежо јагнешко месо на пазарите во земјите на ЕУ и други. Стоките што СТОКОПРОМЕТ АД Скопје ги пласира на странскиот пазар се наменети за финална потрошувачка и спаѓаат во категоријата на стоки кој се користат во секојдневната исхрана. Овие производи се значајни за задоволување на потребите на крајните купувачи и се наменети за широка потрошувачка.

2.2.Информации за значајни нови производи

Доколку во наредниот период дојде до промена на моменталниот статус на СТОКОПРОМЕТ АД Скопје како компанија со болокирана жиро сметка и се створат услови за нови инвестиции, СТОКОПРОМЕТ АД Скопје планира инвестиции во производство на жива стока, наменета за странскиот пазар за кои и постојат услови и инфраструктура за одгледување.

2.3.Приказ на приходите од продажба во 2011 и 2012 година

Остварените приходи од продажба во изминатите две години е како што следи:

во илјади денари

	2012	**2011**
Приходи од продажба во земјата	/	2.551
Приходи од продажба во странство	/	/
Вкупно	**/**	**2.551**

2.4.Краток приказ на степенот на зависност од патенти, лиценци, индустриски, комерцијални или финансиски договори или нови производни постапки

СТОКОПРОМЕТ АД извоз-увоз Скопје во своето работење не е зависна од патенти, лиценци, индустриски, комерцијални или финансиски договори или нови производни постапки.

2.5.Информација за политиката на развојот и истражување на нови призводи и постапки

Во своето долгогодишно работење СТОКОПРОМЕТ АД се раководи врз своите професионални и деловни принципи за реализација на единствената цел, задоволување на барањата на купувачите. Како резултат на тоа но и на богатото искуство, знаење и широк капацитет на вработените и на менаџерскиот тим, СТОКОПРОМЕТ АД целосно е фокусирана во реализацијата на својата извозна ориентација и пласман на македонски производи на странските пазари.
СТОКОПРОМЕТ АД ги прати современите принципи на работење со високиот квалитет на тоа што го нуди како надворешно-трговска компанија, висока професионалност во работењето и во деловните односи со своите партнери .Тоа е всушност и принципиелната политика која го обогатува нашиот имиџ и рејтинг кај домашните и странски купувачи и претставува основен постулат на кој се гради нашата развојна стратегија и политика.

2.6.Информации за сите судски и арбитражни постапки кои се во тек или ќе настанат и кои можат да имаат значително влијание на финансиската состојба

Условите на стопанисувањето во кои работат стопанските субјекти во Р.Македонија во моментов но и во изминатиот период се отежнати како резултат на последиците од глобалните економска криза. Ваквата состојба генерира проблеми во секојдневното финансиско работење од аспект на реализација на целокупните побарувања и обврски на компаниите.Тргнувајќи оттука и СТОКОПРОМЕТ АД се соочува со отежната наплата на своите побарувања од купувачите.
СТОКОПРОМЕТ АД , настојува сите свои обврски или побарувања да ги реализира преку договор или вонсудски решавања на спорови со правните субјекти во земјата или странство.СТОКОПРОМЕТ АД , во случај на нереализација на своите побарувања, превзема законски мерки за остварување на своите цели околу наплатата.
СТОКОПРОМЕТ АД во минатото има створено обврска према Агенцијата за стокови резерви на Република Македонија. На основа на таа обврска од страна на Агенцијата е превземана мерка за принудна наплата, која самата по себе предизвика блокирање на жиро сметката на компанијата.

2.7.Број на вработени и квалификациона структура

Бројната состојба и квалификационата структура на вработените во изминатиот тригодишен период е како што следи:

Квалификација на вработените	2012	%	2011	%	2010	%
Висока стручна спрема	2	18,18	2	14,28	2	14,28
Виша стручна спрема	1	09,09	2	14,28	2	14,28
Средна стручна спрема	5	45,45	7	50,00	8	57,16
III степен стручна спрема	3	27,28	3	21,44	2	14,28
Вкупно	**11**	**100,00**	**14**	**100,00**	**14**	**100,00**

Анализирајќи го табеларниот преглед на бројот на вработените и нивната квалификациона структура , може да се заклучи дека кај бројот на вработените и квалификационата структура во СТОКОПРОМЕТ АД Скопје од година во година не се бележат значајни промени.Сепак бројот на вработените во 2012 година во однос на 2011 година е намален за 21,42 %. Квалификационата структура е глобално не променета во изминативе три години.Најголем број на вработени се со средна стручна спрема или со III степен на стручна спрема и тоа 72,73% од вкупниот број на вработени. Остатокот од вработените се со висока или виша стручна спрема и тоа 27,27%.

2.8.Опис и вредност на значителни инвестиции во основни средства и вложувања во хартии од вредност на други трговски друштва во 2011 и 2012 година

Во изминатите две години СТОКОПРОМЕТ АД нема нови инвестиции во основни средства , ниту вложување во хартии од вредност на други трговски друштва.

2.9.Место и позиција на СТОКОПРОМЕТ АД Скопје во гранката

Во рамките на надворешното-трговско работење и работењето во својата основна дејност, СТОКОПРОМЕТ АД зазема респектабилно место во стопанската гранка во која делува.

3. ФИНАНСИСКИ ПОДАТОЦИ

3.1.Финансиски податоци за период 2011 и 2012 година

	2012	2011
Вкупни средства (во илјади денари)	171.029	246.799
Вкупни обврски (во илјади денари)	56.396	133.087
Вкупен капитал (во илјади денари)	114.633	113.712
Добивка пред оданочување (во илјади денари)	925	856
Добивка по оданочување (во илјади денари)	921	848
Нето добивка по акција	27,90	25,70
Коефициент цена/добивка по акција	/	/
Коефициент цена/книговодствена вредност на една акција	/	/
Износ на исплатена дивиденда (бруто)	/	/
Дивиденден принос	/	/

4. ПОДАТОЦИ ЗА АКЦИИТЕ ЗА КОИ СЕ БАРА КОТАЦИЈА

4.1.Опис на родот на акциите за кои се поднесува барањето, бројот на акции и нивната номинална вредност

Барањето за котација на Официјалниот пазар на Македонската берза на хартии од вредност АД Скопје на подсегментот Задолжителна котација се поднесува за 33.000 обични акции со вкупна номинална вредност од 1.650.000,00 евра.

Номиналната вредност на една акција на СТОКОПРОМЕТ АД извоз-увоз Скопје изнесува 50 евра.

Барањето за котација се однесува на следните родови на акции:
- 29.783 обични акциии со право на глас со вкупна номинална вредност од 1.489.150 евра.

- 3.217 приоритетни партиципативни акции со вкупна номинална вредност од 160.850 евра.

4.2.Опис на правата кои им припаѓаат на акциите

Обичните акции на СТОКОПРОМЕТ АД извоз-увоз Скопје им ги даваат на нивните сопственици следните права:
- право на глас во Собранието на акционерското друштво;
- право на исплата на дел од добивката(дивиденда) на акционерското друштво;
- право на исплата на дел од остатокот на ликвидационата,односно на стечајната маса на акционерското друштво;

Секоја акција со право на глас, дава право на еден глас во Собранието на друштвото.

Приоритетните партиципативни акции издадени на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Република Македонија ги имаат следните права:
-даваат право на дивиденда од најмалку 2% годишно и сразмерно учество во остатокот од добивката ако на обичните акции им се исплатува дивиденда над овој износ;
-не даваат право на глас во Собранието на акционери и
Во случај на стечај или ликвидација на акционерското друштво даваат право на сразмерно учество во поделбата на остатокот на стечајната,одноно ликвидационата маса.
Приоритетните акции Фондот може да ги продава,при што со продажбата тие се претвораат во обични акции.

Акциите се слободно преносливи. Како акционери се сметаат сите лица запишани во акционерската книга која согласно законската регулатива се води во Централниот депозитар за хартии од врдност АД Скопје.

4.3.Позначајни одредби од Статутот на СТОКОПРОМЕТ АД извоз-увоз Скопје кои ги регулираат правата на акционерите

Собрание на акционери

Годишното Собрание го свикува Управниот одбор најдоцна 3 (три) месеци по составувањето на годишната сметка на финансиските извештаи и на годишниот извештај за работата на Друштвото во предходната деловна година, а не подоцна од шест месеци од завршувањето на календарската година или 14 месеци од одржувањето на последното годишно Собрание.
Ако Управниот одбор не го свика годишното Собрание на време Собранието без одлагање го свикува Надзорниот одбор.

Годишното Собрание по завршувањето на деловната година задолжително одлучува за одобрување на работата и за водењето на работењето на Друштвото од страна на членовите на Управниот одбор и за работата на членовите на Надзорниот одбор. За одобрување на работата на членовите на органите на Друштвото се гласа јавно и одделно за секој член на органот.

Кога тоа го бара интересот на Друштвото и на акционерите, во времето меѓу две годишни Собранија може да се свика Собрание.
Управниот одбор односно Надзорниот одбор може со мнозинство на гласови од своите членови кога тоа е предвидено со закон по своја иницијатива или по барање на акционер во постапка утврдена со закон, да донесе одлука за свикување на Собрание.

Собранието може да одлучува само за прашања кои што се уредно ставени во дневниот ред. Барањето за вклучување на една или повеќе точки во дневниот ред на Собрание кое што е свикано се испраќа до свикувачот на собранието и тоа во рок од 8 дена од денот кога е објавен јавниот повик за учество на собранието. Барањето за вклучување на една или повеќе точки во дневниот ред на свикано Собрание, органот што го свикал Собранието го испраќа до сите акционери односно го објавува на ист начин на кој што го објавил јавниот повик за учество на свиканото собрание, најдоцна 8 дена пред денот на неговото одржување.

Секој акционер кој има намера да учествува на свикано собрание е должен да го пријави своето учество на собранието.Секој акционер може да овласти со полномошно свој полномошник на собранието.

Собранието може да работи ако на седницата присуствуваат верификувани учесници на собранието кои поседуваат најмалку мнозинство од вкупниот број на акции со право на глас.

Ако дојде до прекин на седницата на собрание што започнало со работа, присутните акционери на седницата на собранието можат да одлучат собранието да продолжи со работа во време и место кое што се определува со мнозинство гласови од кворумот за работа на собранието. Одложувањето неможе да биде подолго од 8 (осум) дена од денот на прекинот. Ако дојде до прекин на седницата на собрание што започнало со работа, а собранието не донело одлука за продолжување со работа претседавачот со собранието го определува времето и местото на прекинатата седница на собранието.

Одлуките донесени на собранието кое што по започнување со работа ја прекинало работата без разлика на тоа дали ќе продолжи со работа се сметаат за полноважни.На седницата на која што собранието продолжило да работи, собранието расправа и одлучува само по точките што не се разгледувани и по кои што не е одлучувано.

Ако со закон и со овој Статут поинаку не е определено Собранието одлуките ги донесува со јавно гласање.По барање на еден или на повеќе акционери кои имаат најмалку една десетина од вкупниот број на акции со право на глас се пристапува кон тајно гласање.Тајното гласање се спроведува според законот.

Соопштенија за акционерите

Собранието се свикува со објавување јавен повик до акционерите. Јавниот повик се објавува најмалку во еден дневен весник. Рокот кој што тече од денот на објавувањето на јавниот повик во дневен весник до денот на одржување на собранието не може да биде подолг од 50 дена ниту пократок од 21 ден до денот на одржување на Собранието. Материјалите мора да бидат достапни до акционерите од денот на објавување на јавниот повик

Право на глас

Секоја акција со право на глас дава право на еден глас во Собранието на друштвото.

Исплата на дивиденда

По одобрување на годишните сметки и утврдувањето на постоењето на добивка за распределба, Собранието го определува делот кој се распределува за дивиденда и начин на плаќање на дивидендата.
Управниот одбор може во текот на деловната година да им исплати аванс на акционерите врз основа на веројатна добивка според годишните сметки под услов и начини пропишани со закон.
Дивидендата се исплатува најдоцна во рок од 9 (девет) месеци по завршувањето на деловната година.Акционерите можат да ја добијат дивидендата односно аконтација врз дивидендата во пари или акции или дел во пари дел во акции.
Висината на дивидендата ја утврдува со Одлука Управниот одбор на Друштвото.

Престанување на друштвото

Друштвото престанува во случаите и под условите предвидени со закон.
Акционерското друштво престанува кога ќе настапи било која причина утврдена со закон како и кога Собранието на друштвото ќе донесе одлука за престанок на акционерското Друштво.
Одлука за престанување на друштвото донесува Собранието на друштвото со двотретинско мнозинство од акциите со право на глас претставени на Собранието.

Друштвото престанува со :
-Одлука за Собранието за престанување на друштвото донесена со мнозинство гласови од 2/3 од акциите со право на глас претставени на Собранието;
-Правосилна одлука на судот со која ќе се утврди ништовност на друштвото и на уписот на друштвото во трговскиот регистар;
-Присоединување,со спојување или со поделба на друштвото со раздвојување, со основање и со раздвојување со преземање;
-Стечајна постапка.

Откуп на сопствени акции

Друштвото може да стекне сопствени акции согласно закон.

4.4.Статистички податоци за тргувањето со акциите на СТОКОПРОМЕТ АД извоз-увоз Скопје за 2010, 2011 и 2012 година

Во периодот од 01.01-2010 до 31.12.2012 година акциите на СТОКОПРОМЕТ АД извоз-увоз Скопје беа на Редовниот пазар на Македонската берза АД Скопје, на подсегментот Пазар на акционерски друштва со посебни обврски за известување.

Со обичните акциите на СТОКОПРОМЕТ АД извоз-увоз Скопје во период од 01.01.2010 година до 31.12.2012 година не се склучиле трговски трансакции на Берзата.
Трансакции не се случиле ниту со приоритетните акции на СТОКОПРОМЕТ АД извоз-увоз Скопје.

5. ПОДАТОЦИ ЗА ОРГАНИТЕ НА УПРАВУВАЊЕ

5.1.Податоци за членовите на органите на управување

Управувањето со СТОКОПРОМЕТ АД извоз-увоз Скопје е организирано според двостепен систем со Управен одбор и Надзорен одбор.

5.1.1 Управен одбор

Управниот одбор на СТОКОПРОМЕТ АД Скопје е составен од 7 члена.
Надзорниот одбор ги избира членовите на Управниот одбор со мандат од 6 години со право на реизбор.
Претседателот на Управниот одбор се грижи за работата на самиот одбор, ги свикува седниците и со нив претседава. Претседателот на Управниот одбор исто така е одговорен за непосредното водење на

работите на компанијата и го застапува акционерското друштво во односите со трети лица. Тој исто така е овластен во името на Друштвото да склучува договори и да врши други правни дејствија. Претседателот на Управниот одбор го застапува Друштвото и во областа на надворешно-трговска дејност на Друштвото.

Во продолжение следи составот на членовите на Управниот одбор со приказ на бројот на акции што ги поседуваат во основната главнина, односно во акциите со право на глас во СТОКОПРОМЕТ АД извоз-увоз Скопје:

име и презиме	функција	бр.на акции	% во основна главнина	% во права на глас
Марија Петрушевска	Претседател	1289	3,90	4,32
Славе Гочески	Член	611	1,85	2,05
Гроздана Арсовска	Член	180	0,55	0,60
Илија Заткоски	Член	нема	/	/
Зоран Поповски	Член	нема	/	/
Љубица Илиевска	Член	247	0,75	0,83
Борислав Крстев	Член	153	0,46	0,51

Во продолжение следи приказ на податоци за пооделни членови на **Управниот одбор** на СТОКОПРОМЕТ АД извоз-увоз Скопје.

1.1	Име и презиме и датум на раѓање	**1. Марија Петрушевска-08.02.1942**
1.2	Деловна адреса	Бул. Партизански одреди број 70 Б Скопје
1.3	Функција што ја врши кај издавачот и датум од кога ја врши функцијата	Претседател на Управен Одбор од 31.05.2011 година
1.4	Податок за значајните активности на овие лица надвор од работењето кај издавачот(доколку тие активности се значајни за издавачот)	Не врши значајни активности надвор од работењето кај издавачот

1.5	Податок за природата на било каква поврзаност на лицето со другите членови на Управниот одбор и Надзорниот одбор	Нема било каква поврзаност со другите членови на Управниот одбор и Надзорниот одбор
	Детални податоци	
1.6	Податоци за релевантното менаџерско и експертско работно искуство	Дипломиран економист Директор на сектор увоз-извоз Генерален директор- Стокопромет АД Претседател на управен одбор-Стокопромет АД
1.7	Имиња на друштва во кои лицето е член на Одборот на директори, односно управниот и надзорниот одбор или содружник, односно акционер во било кое време во последните пет години и податок дали лицето сеуште е или не е веќе член или содружник, односно акционер	Не бил член на Одборот на директори, односно УО и НО во последните пет години. Не е содружник,односно акционер во последните пет години.
1.8	Податок дали лицето било член на одборот на директори, односно управниот и надзорниот одбор на правно лице против кое е поведена стечајна , предстечајна или ликвидациона постапка во последните пет години	Лицето не било член на одборот на директори ,односно УО и НО на правно лице против кое е поведено стечајна , предстечајна или ликвидациона постапка во последните пет години
1.9	Податок дали на лицето му е изречена мерка на безбедност забрана за вршење на професија, дејност или должност од определено занимање кое делумно или во целост е опфатено во предметот на работење на издавачот во последните пет години (со податок кога била изречена мерката и до кога траела забраната)	Не му е изречена мерка на безбедност забрана за вршење на професија, дејност или должност од определено занимање кое деловно или во целост е опфатено во предметот на работење на издавачот во последните пет години.
1.10	Податок дали лицето има сопствено учество во основната главнина на издавачот и во гласачката структура на издавачот, со податок за износот за тоа учество	Поседува 1.289 обични акции кои претставуваат 3,90% од основната главнина, односно 4,32% од акциите со право на глас.

2.1	Име и презиме и датум на раѓање	**2. Гроздана Арсовска- 03.02.1965**
2.2	Деловна адреса	Бул. Партизански одреди број 70 Б Скопје
2.3	Функција што ја врши кај издавачот и датум од кога ја врши функцијата	Член на Управен одбор од 31.05.2011 година
2.4	Податок за значајните активности на овие лица надвор од работењето кај издавачот(доколку тие активности се значајни за издавачот)	Не врши значајни активности надвор од работењето кај издавачот
2.5	Податок за природата на било каква поврзаност на лицето со другите членови на Управниот одбор и Надзорниот одбор	Нема било каква поврзаност со другите членови на Управниот одбор и Надзорниот одбор
	Детални податоци	
2.6	Податоци за релевантното менаџерско и експертско работно искуство	Администратор во сектор финансии
2.7	Имиња на друштва во кои лицето е член на Одборот на директори, односно управниот и надзорниот одбор или содружник, односно акционер во било кое време во последните пет години и податок дали лицето сеуште е или не е веќе член или содружник, односно акционер	Не бил член на Одборот на директори, односно УО и НО во последните пет години. Не е содружник,односно акционер во последните пет години.
2.8	Податок дали лицето било член на одборот на директори, односно управниот и надзорниот одбор на правно лице против кое е поведена стечајна , предстечајна или ликвидациона постапка во последните пет години	Лицето не било член на одборот на директори ,односно УО и НО на правно лице против кое е поведено стечајна , предстечајна или ликвидациона постапка во последните пет години
2.9	Податок дали на лицето му е изречена мерка на безбедност забрана за вршење на професија, дејност или должност од определено занимање кое делумно или во целост е опфатено во предметот на работење на издавачот во последните пет години (со податок кога била изречена мерката и до кога траела забраната)	Не му е изречена мерка на безбедност забрана за вршење на професија, дејност или должност од определено занимање кое деловно или во целост е опфатено во предметот на работење на издавачот во последните пет години.
2.10	Податок дали лицето има сопствено учество во основната главнина на издавачот и во гласачката структура на издавачот, со податок за износот за тоа учество	Поседува 180 обични акции кои претставуваат 0,55 % од основната главнина, односно 0,60 % од акциите со право на глас

3.1	Име и презиме и датум на раѓање	**3.Љубица Илиевска-08.05.1958**
3.2	Деловна адреса	Бул. Партизански одреди број 70 Б Скопје
3.3	Функција што ја врши кај издавачот и датум од кога ја врши функцијата	Член на Управен одбор од 31.05.2011 година
3.4	Податок за значајните активности на овие лица надвор од работењето кај издавачот(доколку тие активности се значајни за издавачот)	Не врши значајни активности надвор од работењето кај издавачот
3.5	Податок за природата на било каква поврзаност на лицето со другите членови на Управниот одбор и Надзорниот одбор	Нема било каква поврзаност со другите членови на Управниот одбор и Надзорниот одбор
	Детални податоци	
3.6	Податоци за релевантното менаџерско и експертско работно искуство	Економист во сектор финансии
3.7	Имиња на друштва во кои лицето е член на Одборот на директори, односно управниот и надзорниот одбор или содружник, односно акционер во било кое време во последните пет години и податок дали лицето сеуште е или не е веќе член или содружник, односно акционер	Не бил член на Одборот на директори, односно УО и НО во последните пет години. Не е содружник,односно акционер во последните пет години.
3.8	Податок дали лицето било член на одборот на директори, односно управниот и надзорниот одбор на правно лице против кое е поведена стечајна , предстечајна или ликвидациона постапка во последните пет години	Лицето не било член на одборот на директори ,односно УО и НО на правно лице против кое е поведено стечајна , предстечајна или ликвидациона постапка во последните пет години
3.9	Податок дали на лицето му е изречена мерка на безбедност забрана за вршење на професија, дејност или должност од определено занимање кое делумно или во целост е опфатено во предметот на работење на издавачот во последните пет години (со податок кога била изречена мерката и до кога траела забраната)	Не му е изречена мерка на безбедност забрана за вршење на професија, дејност или должност од определено занимање кое деловно или во целост е опфатено во предметот на работење на издавачот во последните пет години.

3.10	Податок дали лицето има сопствено учество во основната главнина на издавачот и во гласачката структура на издавачот, со податок за износот за тоа учество	Поседува 247 обични акции кои претставуваат 0,75% од основната главнина, односно 0,83 % од акциите со право на глас

4.1	Име и презиме и датум на раѓање	**4.Борислав Крстев-11.09.1939**
4.2	Деловна адреса	Ул.Јуриј Гагарин бр. 103 Б Скопје
4.3	Функција што ја врши кај издавачот и датум од кога ја врши функцијата	Член на Управен одбор од 31.05.2011 година
4.4	Податок за значајните активности на овие лица надвор од работењето кај издавачот(доколку тие активности се значајни за издавачот)	Не врши значајни активности надвор од работењето кај издавачот
4.5	Податок за природата на било каква поврзаност на лицето со другите членови на Управниот одбор и Надзорниот одбор	Нема било каква поврзаност со другите членови на Управниот одбор и Надзорниот одбор
	Детални податоци	
4.6	Податоци за релевантно менаџерско и експертско работно искуство	Агроном инженер
4.7	Имиња на друштва во кои лицето е член на Одборот на директори, односно управниот и надзорниот одбор или содружник, односно акционер во било кое време во последните пет години и податок дали лицето сеуште е или не е веќе член или содружник, односно акционер	Не бил член на Одборот на директори, односно УО и НО во последните пет години. Не е содружник,односно акционер во последните пет години.
4.8	Податок дали лицето било член на одборот на директори, односно управниот и надзорниот одбор на правно лице против кое е поведена стечајна , предстечајна или ликвидациона постапка во последните пет години	Лицето не било член на одборот на директори ,односно УО и НО на правно лице против кое е поведено стечајна , предстечајна или ликвидациона постапка во последните пет години
4.9	Податок дали на лицето му е изречена мерка на безбедност забрана за вршење на професија, дејност или должност од определено занимање кое делумно или во целост е опфатено во предметот на работење на издавачот во последните пет години (со податок кога била изречена мерката и до кога траела забраната)	Не му е изречена мерка на безбедност забрана за вршење на професија, дејност или должност од определено занимање кое деловно или во целост е опфатено во предметот на работење на издавачот во последните пет години.

4.10	Податок дали лицето има сопствено учество во основната главнина на издавачот и во гласачката структура на издавачот, со податок за износот за тоа учество	Поседува 153 обични акции кои претставуваат 0,46 % од основната главнина, односно 0,51% од акциите со право на глас

5.1	Име и презиме и датум на раѓање	**5.Славе Гочески- 15.06.1946**
5.2	Деловна адреса	Бул.Партизански одреди 70 Б,Скопје
5.3	Функција што ја врши кај издавачот и датум од кога ја врши функцијата	Член на Управен одбор од 31.05.2011 година
5.4	Податок за значајните активности на овие лица надвор од работењето кај издавачот(доколку тие активности се значајни за издавачот)	Неврши значајни активности надвор од работењето кај издавачот
5.5	Податок за природата на било каква поврзаност на лицето со другите членови на Управниот одбор и Надзорниот одбор	Нема било каква поврзаност со другите членови на Управниот одбор и Надзорниот одбор
	Детални податоци	
5.6	Податоци за релевантното менаџерско и експертско работно искуство	Економист, сектор финансии Шеф на сектор за шпедиција
5.7	Имиња на друштва во кои лицето е член на Одборот на директори, односно управниот и надзорниот одбор или содружник, односно акционер во било кое време во последните пет години и податок дали лицето сеуште е или не е веќе член или содружник, односно акционер	Не бил член на Одборот на директори, односно УО и НО во последните пет години. Не е содружник,односно акционер во последните пет години.
5.8	Податок дали лицето било член на одборот на директори, односно управниот и надзорниот одбор на правно лице против кое е поведена стечајна , предстечајна или ликвидациона постапка во последните пет години	Лицето не било член на одборот на директори ,односно УО и НО на правно лице против кое е поведено стечајна , предстечајна или ликвидациона постапка во последните пет години
5.9	Податок дали на лицето му е изречена мерка на безбедност забрана за вршење на професија, дејност или должност од определено занимање кое делумно или во целост е опфатено во предметот на работење на издавачот во последните пет години (со податок кога била изречена мерката и до кога траела забраната)	Не му е изречена мерка на безбедност забрана за вршење на професија, дејност или должност од определено занимање кое деловно или во целост е опфатено во предметот на работење на издавачот во последните пет години.

5.10	Податок дали лицето има сопствено учество во основната главнина на издавачот и во гласачката структура на издавачот, со податок за износот за тоа учество	Поседува 611 обични акции кои претставуваат 1,85% од основната главнина, односно 2,05% од акциите со право на глас

6.1	Име и презиме и датум на раѓање	**6.Зоран Поповски- 22.09.1961**
6.2	Деловна адреса	Ул.Исаија Мажовски бр.34/2-9 Скопје
6.3	Функција што ја врши кај издавачот и датум од кога ја врши функцијата	Член на Управен одбор од 31.05.2011 година
6.4	Податок за значајните активности на овие лица надвор од работењето кај издавачот(доколку тие активности се значајни за издавачот)	Неврши значајни активности надвор од работењето кај издавачот
6.5	Податок за природата на било каква поврзаност на лицето со другите членови на Управниот одбор и Надзорниот одбор	Нема било каква поврзаност со другите членови на Управниот одбор и Надзорниот одбор
	Детални податоци	
6.6	Податоци за релевантното менаџерско и експертско работно искуство	Комерцијален референт
6.7	Имиња на друштва во кои лицето е член на Одборот на директори, односно управниот и надзорниот одбор или содружник, односно акционер во било кое време во последните пет години и податок дали лицето сеуште е или не е веќе член или содружник, односно акционер	Не бил член на Одборот на директори, односно УО и НО во последните пет години. Не е содружник,односно акционер во последните пет години.
